SEVENTH FRAMEWORK PROGRAMME



# Прирачник за РП7

# Како да ги претворите своите идеи во европски проекти?




EU-BALKAN-FABNet

# СОДРЖИНА

**ГЛАВА 1: КАКВИ ПРОГРАМИ СЕ НУДАТ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА? ........... 5**

**1.1. Вовед во истражувачките програми на Европската Унија ................................... 5**

**1.2 Што е РП7? ........................................................................................................ 5**

**1.3 Што се нуди на истражувачите во областа на земјоделство и храна? .................. 7**

*1.3.1 Заедничко истражување (Colaborative projects) ............................................. 8*

*1.3.2 Истражувања за МСП ......................................................................................... 12*

*1.3.3 Истражувачки потенцијал (RegPot) ................................................................ 15*

*1.3.4 Луѓе ............................................................................................................. 18*

*1.3.5 Идеи ............................................................................................................ 24*

**ГЛАВА 2: КАКО РАБОТИ? ................................................................................ 27**

**2.1 Кои се основните принципи? ............................................................................ 27**

*2.1.1 Објава на повици за предлог проекти од Европската Комисија ............... 27*

*2.1.2 Изработка на предлог проекти ........................................................................ 29*

*2.1.3 Оценка на предлог проекти ............................................................................ 29*

*2.1.4 Преговори ........................................................................................................ 30*

*2.1.5 Имплементација на проектот ......................................................................... 30*

*2.1.6 Известување (изработка на извештаи)......................................................... 30*

**2.2 Какви видови проекти? ................................................................................... 32**

**2.3 Кој може да учествува? ....................................................................................** *32*

**2.4 Што се финансира? ..........................................................................................** *33*

**2.5 Како да најдете нови можности? ......................................................................** *33*

**ГЛАВА 3: КАКО ДА УЧЕСТВУВАТЕ?.................................................................... 36**

**3.1 Подготвување на предлог проект ...................................................................... 36**

*3.1.1 Како да започнете?.......................................................................................... 36*

*3.1.2 Како да најдете партнер?................................................................................. 36*

*3.1.3 Како да напишете проект? ............................................................................. 38*

*3.1.4 Совети за успех ............................................................................................... 41*

*3.1.5 Што после поднесувањето на предлог проектот?.......................................... 42*

**3.2 Преговори за Вашиот проект .......................................................................... 43**

*3.2.1 Како понатаму?................................................................................................ 43*

*3.2.2 Совети за успех ............................................................................................... 46*

**3.3 Имплементација на Вашиот проект** ..... **47**

*3.3.1. Основни правила* ..... *47*

*3.3.2 Совети за успех* ..... *47*

*3.3.3 По завршувањето на проектот* ..... *47*

**ГЛАВА 4: ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ХРАНА, ГЕНЕРАЛНИ СОВЕТИ И ДЕТАЛНИ ПРИМЕРИ** ..... **48**

**4.1 Примери на проекти од областа на земјоделство и храна** ..... **48**

**4.2 Кои се целите и целните групи на EU-Balkan-FABNet?** ..... **49**

**4.3 EU-Balkan-FABNet партнери** ..... **50**

**АНЕКСИ** ..... **52**

**А. 1 Речник** ..... **52**

**А. 2 Веб страни од корист** ..... **55**

## Вовед

Прирачникот „Како да ги претвориш твоите идеи во европски проект“ дава насоки за Рамковната програма 7 на Европската Унија за истражување и развој (РП7). Тој е изработен во рамките на проектот EU-Balkan FABNET, кој спаѓа во групата специфични акции за поддршка (SSA) финансирани преку Рамковната програма 6 (РП6).

Основната цел на овој прирачник е да го зголеми учеството на истражувачите од Западен Балкан во проекти од областа на земјоделството и храната, финансирани преку Рамковната програма 7. Напишан за истражувачите од оваа област, овој прирачник ги дава потребните информации за поставување на проект преку Рамковната програма 7, а кој одговара на потребите на истражувачите (индивидуални обуки, проширување на капацитетите на истражувачките проекти).

Во првата глава, прирачникот ги претставува петте најинтересни под-програми на Рамковната програма 7, достапни за истражувачите од областа на земјоделство и храна.

Втората глава дава генерален преглед на Рамковната програма 7: механизмот и основните чекори кај проектите, изворите на информации, потенцијалните учесници и стапките на финансирање.

Третата глава обезбедува информации и совети за успех во секоја фаза во проектниот циклус, од почетокот до крајот на проектот.

Конкретни примери на проекти од областа на земјоделство и храна и детални информации за проектите BAFN and EU-Balkan FABNET се дадени во последната глава.

# Глава I: Какви програми се нудат во Европската Унија?

Во оваа глава се претставени петте најинтересни под-програми достапни за истражувачите во областа на земјоделство и храна, во рамките на Рамковната програма 7.

## 1.1. Вовед во истражувачките програми на Европската Унија

Иако уште во средниот век можат да се најдат неколку примери за научна и технолошка соработка, истражувачката работа во Европа сé до средината на дваесеттиот век се изведувала главно во националните истражувачки центри.

Појавата на првите европски истражувачки програми и институти во 50-тите години на минатиот век, се совпаѓа со првите чекори на формирање на Европската унија.

Со цел да се подобри поврзаноста на европските истражувања и технолошкиот развој и да се стимулира транснационалната соработка, во 1984 година Европската Комисија ја промовираше Рамковната програма (РП).

Лисабонската спогодба од март 2000 година со која се установи Европската унија, ја опишува потребата од Рамковна програма (член 180-истражување, технолошки развој и вселена) и ја истакнува потребата во наредната декада Европа да стане најконкурентна економија во светот базирана на знаење.

Рамковната програма (РП6 за период 2002- 2006 и РП7 за период 2007-2013) е еден од главните инструменти на Европската Комисија, кој овозможува реализирање на Лисабонските цели, односно Европската Унија да стане **„најдинамична и најконкурентна економија во светот базирана на знаење“.** Особено, рамковната програма има намера да го трансформира концептот на Европската истражувачка област (ERA) во реалност преку здружување на европските истражувачи и унапредување на соработка меѓу националните програми.

## 1.2. Што е РП7?

Имајќи ја предвид конкурентноста на Европската Унија како и поддршката при изработка на политиките, Рамковната програма 7 (РП7) ги дефинира приоритетите при финансирање на истражувањата и финансиските инструменти кои се поврзани со финансирањето во периодот од 2007-2013.

Поддршката на активностите за истражување и технолошкиот развој се обезбедува преку:

- Финансирање на истражувачки проекти водени од конзорциум составен од претпријатија и истражувачки центри од неколку земји.
- Финансиска поддршка на истражувачи вклучени во фундаментални истражувања.
- Индивидуални грантови доделени на најнадежните истражувачи.
- Подобрување на европските истражувачки капацитетите преку зголемување на истражувачката инфраструктура и креирање на специјализирани мрежи на истражувачки центри.

## Основна шема на Рамковната програма 7

Рамковната програма е поделена на 4 специфични програми и 13 под-програми:




За земјите од Западен Балкан особено се интересни под-програмите за **Заедничко истражување, истражувања за мали и средни претпријатија** и **истражувачки потенцијали**.

Под-програмата **Заедничко истражување** има 10 теми што ги рефлектираат основни области на знаење и технологија. Тука се вклучени проекти за соработка, раководени од конзорциум на истражувачки институции.

1) Здравје
2) Храна, земјоделство, рибарство и биотехнологија
3) Информациска и комуникациска технологија
4) Нанонауки, нанотехнологија, материјали и технологии на нови продукти
5) Енергија
6) Околина (вклучувајќи климатски промени)
7) Транспорт
8) Социо-економски и хуманитарни науки
9) Вселена
10) Безбедност

Под-програмата **истражување за мали и средни претпријатија** дава финансиска поддршка на МСП кои имаат потреба да ги зајакнат своите иновативни капацитети преку склучување договор со истражувачки центри или универзитети.

Основна цел на под-програмата **истражувачки потенцијали** е да го стимулира истражувачкиот потенцијал во земјите членки преку давање поддршка на центрите на извонредност.

Следниот дел дава попрецизни информации за структурата на РП7 и дава совети како да се учествува на таков проект.

## 1.3 Што се нуди на истражувачите од областа на земјоделство и храна?

Овој дел дава информации за 5 под-програми кои се однесуваат на истражувачите во областа земјоделство и храна. Тие пет под-програми се:

- Заеднички истражувања (специфична програма „Соработка“)
- Истражувања за МСП (специфична програма „Капацитети“)
- Истражувачки потенцијал (RegPot-специфична програма „Капацитети“)
- Марија Кири акции (специфична програма „Луѓе“)
- Европска Агенција за истражување (специфична програма „Идеи“)

Секоја под-програма е илустрирана со пример од конкретен проект. Исто така претставена стапката на успех од последниот повик.

## *1.3.1 Заедничко истражување*




→ во сликата: Истражувачки капацитети (не Капацитети за истражување).

**Цели**

Заедничкото истражување е насочено кон: развој на нови знаења, нови технологии, производи, активности на демонстрирање или заеднички ресурси за истражување, со цел да се подобри европската конкурентност или да се одговори на најголемите општествени потреби. Тие може да бидат насочени кон специјални групи како што се МСП и други помали чинители.

Вкупниот буџет за темата **храна, земјоделство, рибарство и биотехнологија (ХЗРБ)**, за периодот од 2007 до 2013 година изнесува **1.935.000.000 €**. Тоа е значителен пораст во споредба со буџетот што беше наменет за агро-прехранбениот сектор во РП6 (тематскиот приоритет „Квалитет и безбедност на храна“ во периодот од 2002 до 2006 година имаше буџет од 685.000.000 € за 178 финансирани проекти).

Целите на ХЗРБ темата во програмата соработка се да се:

- Изгради европска **Био-економија базирана на знаења (БЕБЗ)** - (Knowledge-Based Bio Economy -KBBE). Поимот **био-економија** ги вклучува сите индустрии и економски сектори што произведуваат, управуваат и на друг начин ги искористуваат биолошките ресурси (како што се: земјоделството, храната, шумарството, рибарството и останатите био-базирани индустрии, како и сродните услуги, снабдување или потрошувачи).
- Одговори на **социјалните и економските предизвици**:
  - Висок квалитет на храната и одржливо производство на храна
  - Болести поврзани со храната (кардиоваскуларни, дебелина)
  - Инфективни заболувања кај животните и зоонози
  - Одржливо земјоделство/рибарство и климатски промени
  - Чисти биоматеријали од обновливи био-ресурси
- Вклучат сите чинители (и индустријата) во истражувањата
- Поддржи заедничката земјоделска политика (ЗЗП) и заедничката рибарска политика (ЗРП)
- Одговори брзо на новите потреби за истражување (се предвидува годишно да бидат финансирани околу 70 проекти во агро-прехранбениот сектор).

**Учесници**

Генерално, мора да постојат најмалку 3 „легални ентитети“ формирани во различни земји членки на Европската унија или во придружните земји. Овие ентитети мора да се независни едни од други.

Зависно од повик до повик може да се бара учество на различен број учесници или типови на организации.

**Шеми на финансирање**

**1. Заедничко истражување (Collaborative project-CP)**

- *Цел:* Развој на нови знаења, нови технологии, производи, вклучувајќи научна координација. Активности за демонстрирање или заеднички ресурси за истражување,

- *Активности:* Истражување и технолошки развој (Research and Technological development–RTD), Демонстрирање (Demonstration-DEM), Друго (Other-OTH) и Менаџмент (Management-MGT),

- *Траење:* 24-60 месеци.

**3. Мрежи на извонредност (Networks of Excellence-NoE)**

o *Цел:* Поддршка на зедничко програмирање на активности на неколку истражувачки организации кои ги интегрираат своите активности во специфично поле и имаат за цел да остварат одржливо партнерство

o *Активности:* Истражување и технолошки развој, Демонстрирање, Друго и Менаџмент,

o *Траење:* 48-60 месеци

**2. Акции на координација и поддршка (Coordination and Support Actions-CSA)**

- *Цел:*

o Нема финансирање за истражување, развој или активности за демонстрирање. Се финансираат само акции на координација и поддршка (друго, менаџмент),

o Акции на координација (Coordination Action-CA): активности фокусирани на истражувачки активности и политики,

o Акции на поддршка (Support Action-SA): Обично фокусирани на една специфична активност и често за вмрежување и настани,

- *Траење:* до 48 месеци, но обично од 12 до 24 месеци.

**Типови на активности што се финансираат**

- Истражување и технолошки развој [RTD (CP и NoE]: активности на истражување и технолошки равој што преставуваат срж на проектните активности и чија цел е значителен напредок поголем од степен на извонредност, вклучувајќи научна координација,

- Демонстрирање (само CP): наменети да се докаже животоспособноста на новите технологии кои не можат директно да се комерцијализираат (пр. тестирање на производи како прототипови),

- Друго (CP, NoE и CSA)

o Тренинг на истражувачите и клучниот персонал, вклучувајќи менаџери во истражувачката дејност, директори од индустријата како и кои било потенцијални корисници на знаењето здобиено во текот на проектот,

o Дисеминација: активности насочени кон дисеминирање на резултатите од истражувањето и подготовка за нивното користење, вклучувајќи управување со знаењето и активности директно насочени кон нивната заштита,

- Менаџмент (CP, NoE и CSA)
  - o Административен,
  - o Технички.

**Интелектуална сопственост**

Во предлог проектот на заедничките проекти (CP) како дел на задолжителниот конзорциумски договор (Consortium Agreement), мора да се вклучи и договорот за интелектуална сопственост.

**Критериуми за евалуација**

- Научен и технички квалитет
- Квалитет и ефикасност на имплементацијата на менаџментот,
- Влијание (потенцијално влијание преку развој, дисеминација и резултати од проектот).

**Буџет**

- Вкупниот буџет на РП7 за храна, земјоделство, рибарство и биотехнологија изнесува 1,9 милијарди €,
- Максималното учество на ЕК е:
  - o Помеѓу 2 и 6 милијарди € за CP ХЗРБ, [најмногу до 3 милијарди € за мали CP и најмногу до 6 милијарди € за големи CP]
  - o Најмногу до 1 милијарда € за CSA,
  - o Најмногу до 6 милијарди € за NoE.
- Интензитетот на ЕУ учеството е:
  - o Истражување и технолошки развој: 50% генерално и 75% за МСП и јавни истражувачки центри или непрофитни организации,
  - o Демонстрирање: 50%,
  - o Друго: 100%,
  - o Менаџмент: 100%.

**Стапка на успешност на последниот повик *FP7-KBBE-2008-2B***

| |
|---|
| Број на поднесени предлог проекти: 277<br>Број на неприфатливи предлог проекти: 15<br>Број на проекти чиј збир на поени од евалуацијата бил над долната граница: 163<br>Број на финансирани проекти: 40<br>**Стапка на успешност: 14%** |

## Пример за ХЗРБ (КББЕ) проект:

**Полн наслов:** Нови извори на природни, гастро-стабилни, прехранбени додатоци и нова функционална храна (COLORSPORE)

**Акроним:** COLORSPORE

**Организација координатор**

ROYAL HOLLOWAY AND BEDFORD NEW COLLEGE, Велика Британија

**Повик:** KBBE-2007-2.3-03 (Био-)технологии за производство на прехранбени додатоци, бои и ароматизери

**Опис на проектот**

Функционалната храна е сектор во пораст, а употребата на каротеноиди без оглед дали се работи за бои или прехранбени додатоци е најдинамичниот дел на таа индустрија. Еден од проблемите со кои се соочуваат овие производи е нивната нестабилност, како за време на чувањето, така и по нивното варење во дигестивниот тракт. Во последниве години, членови на овој конзорциум открија гастро-стабилни и бактериски добиени каротеноидни смески. Во овој проект ќе се испитува оваа втора генерација на каротеноидни смески, како и бактериите што се одговорни за нивното добивање.

Како потенцијални прехранбени додатоци ќе се развиваат постоечките прототипови, но исто така ќе се врши интезивен скрининг на втората генерација прототипови добиени од морска средина.

Конзорциумот се состои од микробиолози, биохемичари и прехранбени биотехнолози. Тие ќе го откријат идентитетот на новите каротеноидни смески и бактериите што се одговорни за нивното добивање.

Ќе се испитува прехранбената вредност на овие бактерии и ќе се направи проценка на ризикот и користа. Оваа проценка ќе се направи со употреба на модерни метаболомички технологии, а ќе се користи и традиционалната токсикологија, со цел да се постави прототип за квалификувана претпоставка за безбедноста-КПБ (Qualified Presumption of Safety-QPS). Био-преработката на овие бактериски каротеноиди ќе придонесе за отстранување на традиционалните хемиски синтези и употребата на органски растворувачи. Исто така, системот за добивање на овие материи ќе користи синергистички биолошки матрикс со што ќе се добие одржлив извор.

**Други карактеристики:**

Референтен број на проектот: 207948,
Датум на почеток: 01.06.2008
Траење: 36 месеци
Трошоци за проектот: 4,1 милиони евра,
Датум на завршување: 31.05.2001,
Финансирање на проектот: 3 милиони евра.

| **Учесници** | |
|---|---|
| JOHAN WOLFGANG GOETHE UNIVERSITAET FRANKFURT AM MAIN | GERMANY |
| AQUAPHARM BIODISCOVERY LIMITED | UNITED KINGDOM |
| THE UNIVERSITY OF MEDICINE & PHARMACY AT HO CHI MINH CITY | VIET NAM |
| NESTEC S.A | SWITZERLAND |
| TECHNICAL UNIVERSITY OF ISTANBUL | TURKEY |
| INSTITUT NATIONAL DE LA RECHERRCHE AGRONOMIQUE (INRA) | FRANCE |
| UNIVERSITA DEGLI STUDI DI NAPOLI FEDERICO II. | ITALY |

## 1.3.2. Истражување за МСП

**Соработка - Заедничко истражување**

**Идеи - Авангардни истражувања**

**Луѓе - Човечки потенцијал**

**Капацитети - Истражувачки капацитети**

**Цели**

• Да се поддржат мали групи на иновативни мали и средни претпријатија (МСП) во решавањето на технолошки проблеми и здобивање технолошки know-how.

• Да им се овозможи на МСП да ангажираат истражувачки центри за сопствени активности на истражување и технолошки развој.

• Да се олесни транснационалната соработка помеѓу МСП и истражувачките центри.

**Пристап**

Директни корисници на проектот се МСП: тие инвестираат во проект за истражување и технолошки развој и го најмуваат најголемиот дел на активностите за истражување и демонстрирање од истражувачките центри. За возврат МСП се корисници на технолошкиот know-how кој им треба за да развијат или подобрат постоечки производи, системи, процеси или услуги.

**Учесници**

• 3 МСП од земји членки на ЕУ или од придружни земји членки,

• 2 истражувачки центра, независни, од 2 земји членки на ЕУ или од придружни земји членки,

• Големина: 6 до 10 партнери.

**МСП го менаџира проектот**

• Координацијата е на едно МСП
• Трошоците за координација се оправдани
• Истражувачките центри се подизведувачи
• Интелектуалната сопственост е на МСП

**Типови на активности што се финансираат**

• Истражување и технолошки развој
• Демонстрирање
• Тренинг
• Менаџмент
  o Административен
  o Технички

**Траење**
12-24 месеци.

**Интелектуална сопственост**
- Ако не постои специфичен договор, сопственици на резултатите се МСП,
- МСП можат да продадат еден дел од резултатите на истражувачките центри,
- Во предлог проектот мора да биде вклучен договорот за интелектуална сопственост.

**Критериуми за евалуација**
• Научна и техничка извонредност,
• Квалитет и ефикасност на менаџментот,
• Влијание.

**Буџет**
• Вкупниот буџет за РП7 Капацитети-истражување во корист на МСП изнесува 1,3 милијарди €,
• Буџетите се меѓу 0,5 и 1,5 милиони € за нов производ, услуга или процес,
• Интензитетот на ЕУ учеството при финансирање активност е 50%, 75% до 100%, зависно од активноста,
• Истражувањата од делот за истражувања и технолошки развој треба да сочинуваат 60% од сите активности,
• Истражувањето може да го реализираат јавни или приватни истражувачки центри, високо технолошки развиени МСП или индустриски групи.
Учеството на Европската Комисија не смее да е поголемо од 110% од сумата фактурирана од изведувачите на истражување и развој, за истражување и развој и активности на демострирање.

**Стапка на успешност на последниот повик 2008-1**

Број на поднесени предлог проекти: 673
Број на неприфатливи предлог проекти: 10
Број на проекти чиј збир на поени од евалуацијата бил над долната граница: 267
Број на финансирани проекти: 92
**Стапка на успешност: 13,6%**

**Пример:**

**Полн наслов:** Намалување на употребата на пестициди при одгледување печурки во Европа

**Акроним:** PRIME

**Организација координатор**

BIOLOGICAL CROP PROTECTION LTD, Велика Британија

РП5 **акроним на програмата:** LIFE QUALITY CRAFT

**Опис на проектот**

Главна цел на проектот е да се развие стратегија за заштита од штетници во индустријата за производство на печурки во Европа, со што ќе се намали употребата на хемиски пестициди. Овој концепт не само што ќе ја подобри конкурентноста на индустријата преку намалување на производните трошоци, туку ќе влијае и врз довербата на потрошувачите затоа што ќе се намали присуството на хемиски остатоци и остатоци од инсекти во производите. Намалувањето на потребата на пестициди исто така ќе придонесе да се подобри здравјето на вработените во оваа индустрија во цела Европа.

Европската индустрија за производство на печурки која се состои од производители на компост, материјали за пакување, одгледувачи и помошни средства, запослува околу 50.000 луѓе.

Вкупното производство на печурки во ЕУ е околу 900.000 тони, со вредност од околу 3 милијарди евра годишно. Заштитата од инсекти при производството на комерцијални печурки претставува сé поголем проблем, зашто и покрај трошоците од 60 милиони евра за заштита, загубите од напади на инсекти изнесуваат 123 милиони евра. Повлекувањето на инсектицидите, нетолерантноста на печурките и развојот на отпорност кај инсектите придонесе производителите да се потпираат само на по еден инсектицид за контролата на секој поголем штетник.

Предложеното истражување ќе овозможи одржлива, еколошки подобна и комерцијално конкурентна стратегија за контрола на штетниците во европската индустрија за производство на печурки.

**Други карактеристики:**

- Референтен број на проектот: QLK5-CT-2002-70693,
- Датум на почеток: 01.10.2002,
- Траење: 32 месеци
- Тип на договор: Договор за заедничко истражување
- Трошоци за проектот: 4,55 милиони евра
- Датум на завршување: 31.05.2005
- Статус на проектот: завршен.

**Учесници**

Конзорциумот се состои од седум партнери, вклучувајќи 4 мали до средни приватни претпријатија и 3 истражувачки институции од Европа, односно: Белгија, Велика Британија и Република Ирска.

### *1.3.3 <u>Истражувачки потенцијал (Research Potential-RegPot)</u>*




**Цели**

Стимулирање на истражувачкиот потенцијал во проширената Европска унија преку отворање и развивањена истражувачкиот потенцијал во европските региони на конвергенција и оддалечените региони, како и преку помош за зајакнување на капацитетите на нивните истражувачи за успешно учество во истражувачките активности на европско ниво.

**Пристап**

Кој било истражувачки центар од Европската унија и придужните земји што сака да го модернизира својот центар, да ја зголеми неговата извонредност и подобро да се интегрира во европската истражувачка заедница, може да аплицираат за овие фондови.

**Учесници**

• 1 истражувачки центар што работи на која било тема во РП7,

• Фокус на истражувачките центри од регионите на конвергенција и оддалечените региони на ЕУ [1].

Заради размена на know-how и најдобри практики, универзитетите или истражувачките центри во ЕУ ќе соработуваат со истражувачките центри-корисници.

**Типови на активности што се финансираат**

• Тренинг

• Менаџмент

- Административен
- Технички

Забелешка: во RegPot проектите <u>не</u> се дозволени истражувачки активности. Секој трошок поврзан со истражување (потрошен материјал, времето на истражувачите што работеле на проекти за истражување и технолошки развој итн) нема да се финансира.

---

[1] Од септември 2008 година, следниве земји се подобни за Reg Pot проекти: Република Македонија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија, а Косово кога ќе го потпише договорот со ЕУ за придружување (за најнови настани види: http://cordis.europa.eu/fp7/who_en.html#countries)

**Детални активности**

• Двонасочни транснационални договори за истражувачкиот кадар во регионите на конвергенција;

• Купување и надградба на опрема за истражување;

• Организација на работилници и конференции за олеснување на трансферот на знаење;

• Независна меѓународна експертска евалуација на квалитетот на истражувања и инфраструктурите кај истражувачкиот центар што аплицирал.

**Траење**

Околу 36 месеци.

**Шема на финансирање**

Акции на координација и поддршка (Coordination and Support Actions).

**Интелектуална сопственост**

Неприменливо, зашто нема истражување и технолошки развој.

**Критериуми за евалуација**

• Научна и техничка извонредност,

• Квалитет и ефикасност на менаџментот,

• Влијание.

**Буџет**

• Вкупниот буџет за РП7 Капацитети -истражувачки потенцијал е 340 милиони €,

• Буџетите се околу 1 милион €,

• ЕУ удел во буџетот е 100%.

**Стапка на успешност на последниот повик 2008-1**

Број на поднесени предлог проекти: 475
Број на неприфатливи предлог проекти: 24
Број на проекти чиј збир на поени од евалуацијата бил над долната граница: 193
Број на финансирани проекти: 32

**Стапка на успешност: 6,7%**

**Пример:**

**Полн наслов:** Подобрување на истражувачкиот потенцијал за квалитет на храна од животинско потекло во Балтичкиот регион преку развој на научните и техничките капацитети на истражувачкиот институт Сигра

**Акроним:** BALTFOODQUAL

**Организација координатор**

LATVIJAS LAUKSAIMNIECIBAS UNIVERSITATE, Латвија

РП5 **акроним на програмата**: LIFE QUALITY CRAFT

**Повик**: REGPOT-2007-1-01

**Опис на проектот**

Опсегот на проектот е да се развие научниот и технолошкиот потенцијал на истражувачкиот центар Сигра во Латвија. Тоа е неопходно заради применување на висок степен на истражувања на добиточната храна и квалитетот на храната во соработка со истражувачките тимови од други ЕУ земји, како и со цел да се развие истражувачкиот капацитет на Балтичкиот регион и неговата интеграција во европската истражувачка заедница.

o Долгорочна цел:

Да се стимулира реализацијата на полниот истражувачки потенцијал на проширената ЕУ, преку подобрување и развој на постоечкиот истражувачки потенцијал во еден од регионите на конвергенција-Балтикот.

o Краткорочни цели:

**1.** Зајакнување на капацитети на истражувачите во истражувачкиот институт Сигра за да можат да учествуваат во истражувачки проекти и активности за добиточна храна и квалитет на храна на ЕУ ниво.

**2.** Подобрување на техничкиот капацитет на истражувачкиот институт Сигра со цел да изведуваат високо квалитетни истражувања на добиточна храна и квалитет на храна и да имаат влијание врз здравјето на потрошувачите.

**Други карактеристики:**

o Референтен број на проектот: 205079,
o Датум на почеток: 01.02.2008,
o Траење: 36 месеци
o Трошоци за проектот: 1,1 милиони евра
o Траење: 36 месеци
o Тип на договор: Акции за поддршка (Support actions)
o Датум на завршување: 31.01.2011.

### *1.3.4 Марија Кири акции (Луѓе)*




**Цели**

Оваа специфична програма овозможува обука, развој на кариера и шеми на мобилност кои даваат можност на истражувачите да бидат помобилни, како меѓународно така и меѓу комерцијалнот и некомерцијалниот сектор. Постојат можности за истражувачите на кое било ниво на кариера и од која било националност.

**Пет главни наслови и буџет**

Посветена исклучиво на човечки ресурси во истражувачката област, оваа под-програма има вкупен буџет од **над 4,7 милијарди евра**, за сите седум години од Рамковната програма 7. Ќе биде имплементирана преку акциите Марија Кири преку 5 програми со следниве буџети:

## Марија Кири акции во 2008 година
## (наведени според датумот на затворање)

| Акција | Идентификациски број на повикот | Повикот отворен на | **Повикот се затвора/прекинува на** |
|---|---|---|---|
| НОЌ Ноќ на истражувачи | FP7-PEOPLE-NIGHT-2008 | 30 ноември 2007 | **5 март 2008** |
| КОФИНА КО-финансирање на регионален, национален & меѓународен напредок | FP7-PEOPLE-2007-2-3-COFUND | 16 ноември 2007 | **13 март 2008** |
| ИААП Индустрија-академија партнерство&патишта | FP7-PEOPLE-IAAP-2008 | 30 ноември 2007 | **25 март 2008** |
| МРК Меѓународна размена на кадар | FP7-PEOPLE-IRSES-2008 | 30 ноември 2007 | **28 март 2008** |
| ЕРГ Европски грантови за реинтеграција | FP7-PEOPLE-ERG-2008 | 30 ноември 2007 | ***3 април 2008*** |
| МГР Меѓународни грантови за реинтеграција /прв дел | FP7-PEOPLE-IRG-2008 | 30 ноември 2007 | ***3 април 2008*** |
| ИЕФ Интра-европски грантови | FP7-PEOPLE-IEF-2008 | 30 ноември 2007 | **19 август 2008** |
| МВС Меѓународни влезни стипендии | FP7-PEOPLE-IIF-2008 | 19 март 2008 | **19 август 2008** |
| МИС Меѓународни излезни стипендии | FP7-PEOPLE-IOF-2008 | 19 март 2008 | **19 август 2008** |
| МПТ Мрежи за почетен тренинг | FP7-PEOPLE-ITN-2008 | 4 април 2008 | **2 септември 2008** |
| ЕРГ Европски реинтеграциски грантови/втор дел | FP7-PEOPLE-ERG-2008 | 30 ноември 2007 | ***8 октомври 2008*** |
| МГР Меѓународни грантови за реинтеграција /втор дел | FP7-PEOPLE-IRG-2008 | 30 ноември 2007 | ***8 октомври 2008*** |
| КО-финансирање на регионален, национален & меѓународен напредок | FP7-PEOPLE-COFUND-2008 | 19 ноември 2008 | **19 февруари 2009** |

## СУМАРЕН БУЏЕТ ЗА 2008 ГОДИНА

| **Акции што биле предмет на повици за предлог проекти** | **Буџет во 2008 (во милиони евра)** |
|---|---|
| **1. Почетен тренинг за истражувачи**<br>Мрежи за почетен тренинг (МПТ) | **185**** |
| **2. Доживотен тренинг и развој на кариера** | |
| Интра-европски стипендии за развој на кариерата (**ИЕФ**)<br>Европски грантови за реинтеграција (**ЕГР**)<br>КО-финансирање на регионален, национален & меѓународен напредок (**КОФИНА**)<br>КО-финансирање на регионален, национален & меѓународен напредок (**КОФИНА**) | **75**<br>**7**<br>**65***<br>**0*** |
| **3. Индустрија-академија партнерство&патишта**<br>Индустрија-академија партнерство&патишта (**ИААП)** | **45** |
| **4. Меѓународна димензија**<br>Меѓународни излезни стипендии за развој на кариерата (**МИС**)<br>Меѓународни влезни стипендии (**МВС**)<br>Меѓународни грантови за реинтеграција (**МГР**)<br>Меѓународна размена на кадар (**МРК**) | **25**<br>**25**<br>**17**<br>**25** |
| **5. Специфични акции**<br>Ноќ на истражувачи (**НОЌ**) | **3** |
| **Збир** | **472** |
| **Акции што не биле предмет на повици за предлог проекти** | **5,14** |
| **Експерти евалуатори** | **6,02** |
| **Вкупно** | **483,16** |

* за повиците во 2007 година

** Определен износот од буџетот за 2009 година се очекува да биде префрлен во овој повик, а дополнување на буџетот за таа година ќе биде направено со нова финансиска одлука, по однапред поднесено барање.

### Учесници

Акциите во програмата ЛУЃЕ е посветена на истражувачи на сите нивоа на кариера, од јавниот и приватниот сектор. Истражувачите треба да се најмалку магистранти или да се на еквивалентно ниво и се класифицираат на основа на професионалното искуство.

### Цел

Марија Кири мрежите за почетен тренинг (МПТ) имаат за цел да ја подобрат **кариерата на перспективните истражувачи** кои се наоѓаат во **првите пет години** од својата кариера и тоа преку понуда за структуриран тренинг во добро дефинирана научна и/или технолошка област, како и да обезбедат комплементарни вештини, а со тоа да се прикажат и на другите сектори, вклучувајќи ги и приватните претпријатија.

**Акции**

о **Интра-европски стипендии (ИЕС) -**
**Intra European Fellowships (IEF)**

Овие акции имаат за цел да ја поддржат **кариерата на искусните истражувачи** во различни етапи од нивната кариера, а кои бараат да ја подобрат својата индивидуална компетентност, да се здобијат со диверзификација во смисла на стекнување со вештини на мулти- или интердисциплинарно ниво и/или да се здобијат со меѓусекторско искуство.

Целта е да се поддржат истражувачите во задржувањето и/или зајакнувањето на водечката независна позиција, како на пр. главен истражувач, професор или друга сениорска позиција во образованието или претпријатието. Со оваа акција може да им се помогне на истражувачите со повторно започнување на кариерата по некој прекин.

**о Европски грантови за реинтеграција (ЕГР) -**
**ERG European Reintegration Grants (ERG)**

Оваа акција има за цел **да им помогне на искусните истражувачи при (ре)интеграција** во истражувачка кариера после искуство **со мобилна транс-национална кариера** во акциите на Марија Кири. Акцијата ги охрабрува истражувачите да ја надградуваат својата транс-национална мобилна кариера во рамките на поврзан професионален проект и да ги промовира изгледите за развој на истражувачката кариера.

о **Ко-финансирање на регионален и меѓународен напредок (КОФИНА) -**
**CO-Funding of Regional, National & International Progress (COFUND)**

Оваа акција е насочена кон зголемување на **европските можности на мобилност** за обука и развој на кариера на искусни истражувачи, во согласност со целите поставени во главата: „Доживотно учење и развој на кариера“, со што го зголемува целокупното влијание.

Акцијата ко-финансирање е насочена кон програми кои поддржуваат **транс-национална мобилност кај искусни истражувачи** на различно ниво на кариера, вклучувајќи истражувачи кои штотуку се стекнале со докторат, проширување и продлабочување на индивидуалните компетенции, особено преку стекнување мулти или интер-дисциплинарни вештини или меѓусекторски искуства; за поддршка на истражувачите во постигнување и/или зајакнување водечка независна позиција, главен истражувач, професор или друга сениорска позиција во образование или во претпријатие; (ре)интегрирање на истражувачите во истражувачката кариера во земјите членки и придружни земји членки, вклучувајќи ги нивните земји на потекло, по завршување на мобилното искуство.

о **Индустрија-академија партнерство & патишта (ИААП) -**
**Industry Academia Partnerships & Pathways (IAPP)**

Оваа акција се обидува да отвори и **поттикне динамични патишта меѓу јавни истражувачки организации и приватни комерцијални претпријатија,** особено МСП, вклучувајќи традиционални преработувачки индустрии, базирани на долгорочни програми на соработка со големи потенцијали за зголемување на ширењето на знаење и меѓусебно разбирање на различни културни основи и вештини барани од страна на индустријата и академскот сектор.

o **Меѓународни излезни стипендии (МИС) - International Outgoing Fellowships (IOF)**

Оваа акција има за цел да ја зајакне меѓународната димензија на кариерата на европските истражувачи преку давање можност да бидат обучувани и **да стекнуваат знаење во трети земји**, во високо развиени истражувачки организации. Потоа, овие истражувачи ќе се вратат со стекнатото знаење и искуство во организација на земја членка или придружна земја членка.

o **Меѓународен грант за реинтеграција (МГР) - International Reintegration Grants (IRG)**

Целта на акцијата е да се зајакне привлечноста на Европа преку охрабрување на **европските истражувачи кои вршеле истражувања надвор од Европа најмалку 3 години, да се реинтегрираат во земја членка на ЕУ или во придружна земја членка**. Со ова тие ќе можат да направат трансфер на знаењата од трети земји и им се овозможуваат услови да го капитализираат нивното искуство во Европа. На тој начин се спречува одлевањето на мозоци од Европа во трети земји. Исто така се овозможува развој на долготрајна соработка помеѓу научната и/или индустриската средина со земјите од кои тие истражувачи се вратиле.

o **Меѓународна размена на кадар (МРК) - International Staff Exchanges (IRSES)**

Марија Кири шемата за маѓународна размена на кадар е нов модел кој се стреми кон зајакнување на **истражувачкото партнерство преку размена на кадар и активности на вмрежување** помеѓу европските истражувачки организации и организациите од земјите со кои ЕУ има потпишано договор за научо-технолошка соработка или се во процес на преговори, како и земји кои земји покриени со европската политика на соседство. Во споредба со акциите на Марија Кири кои даваат можност за мобилност на индивидуални истражувачи, овие нови акции ќе обезбедат поддршка на истражувачки организации да воспостават или ја засилат **долгорочната истражувачка соработка**, преку координација на заеднички проекти на размена за краток период.

**Идни активности**

Во основа, 2009 година ќе претставува **продолжување на главните акции на Марија Кири** од 2008 година. Во оваа фаза не се предвидени нови акции на Марија Кири. Овие акции, особено двете нови акции имплементирани за прв пат во 2008 година, **COFOUND и IRSES, ќе бидат внимателно следени**, за да ги идентификуваат можностите за адаптација. Дотолку повеќе, во контекст на неодамна лансираниот зелен лист (Green paper) за европската истражувачка област, Комисијата отпочна јавни консултации кои треба да резултираат со заклучоци до крајот на годината. Ова може да доведе до појава на нови иницијативи, или да го префрли акцентот или да настане модифицирање на веќе постоечките иницијативи во програмата ЛУЃЕ.

**Пример:**

**Полн наслов:** Метаболомика: дефинирање на стандарди за подготовка на примероци од мали молекули (METABOLOMICSSTANDARD)

**Организација координатор**

QIAGEN GMBH, Германија

Повик: PEOPLE-2007-3-1-IAPP Марија Кири акции

**Опис на проектот**

Генералната цел на метаболомиката е да се идентификува мерка и да се интерпретира комплексната концентрација во релација со времето, флуксот и активноста на метаболитите во биолошки примерок. Метаболити се и малите молекули кои се производ или меѓупроизвод на метаболизмот, но исто така тоа се и јаглехидратите, пептидите и липидите. Сите тие може да се сметаат како хемиска карактеризација на фенотипот. Како најмлада науките во областа на „омиката“ метаболомиката сеуште е во развој. Многу од тековните истражувања се фокусираат на развој на нови геномски и протеономски орудија и користење на тие пристапи при проучување на функцијата на клетката. За разлика од нив, само неколку истражувачки програми се фокусирани на метаболономиката. Еден од најголемите проблеми според истражувачите во оваа област е недостатокот на стандардизација на подготовка на примероците.

**Други карактеристики:**

- o Референтен број на проектот: 217895,
- o Датум на почеток: 01.08.2008,
- o Траење: 48 месеци
- o Тип на договор: Индустрија-академија партнерство & патишта (ИАПП)
- o Трошоци за проектот: 430.690 евра
- o Датум на завршување: 31.07.2012

### 1.3.4. Европска истражувачка агенција (ИДЕИ)




**Цели:**

Специфичната програма ИДЕИ обезбедува финансирање за напредни фундаментални истражувања изведувани од индивидуални тимови. Комуникацијата и дисеминацијата на резултатите од истражувањата се важен аспект на оваа програма.

**Средства**

Специјално за оваа програма беше основан **Европскиот истражувачки совет (European Research Council -ERC),** кој се состои од независен научен совет и имплементациска структура. Оваа агенција поддржува проекти насочени кон фундаментални истражувања изведувани од индивидуални тимови кои се натпреваруваат на европско ниво, во рамките на и низ сите области на истражување. Вкупниот буџет за оваа намена во рамките на РП7 изнесува 7,5 милијарди Евра за сите 7 години (2007-2013).

**Приод**

Преку овие проекти, по природа водени од истражувачот или со приод оддолу-нагоре, агенцијата дава можност истражувачите сами да ги идентификуваат новите можности и насоки за истражување, а не да бидат водени од приоритети поставени од други. Овој приод со голем степен на флексибилност, гарантира дека фондовите ќе бидат канализирани во нови и ветувачки области на истражување.

**Учесници и оценка**

Грантовите на европскиот совет за истражување се доделуваат преку отворени натпревари наменети за млади и искусни истражувачи кои работат во Европа, без оглед на нивното потекло-основниот критериум за избор е извонредност. Целта е да се препознаат најдобрите идеи и да се задржи и додели статусот и видливоста на најдобрите мозоци во Европа, како и да се привлечат таленти од странство.

Постојат три главни видови на грант-шеми: почетни грантови, напредни грантови и грантови наменети за координација и поддршка. Тука се презентирани само првите два вида (акциите за координација и соработка се наменети за помош при функционирањето на ERC грантовите преку набљудување и оценка).

**Почетни истражувачки грантови**

• Европската унија покрива 100%,

• Времетраење: околу 5 години,

• Профил: потенцијалните истражувачи за почетни истражувачки грантови мора да имаат претходно искуство во независно истражување и доказ за зрелост.

Апликантите, исто така треба да бидат во состојба да демонстрираат записи од предходни постигнувања во нивното поле на истражување и ниво на кариера, вклучувајќи значајни публикации (како носечки автор) во повеќе меѓународни мултидисциплинарни научни списанија, признаени од соодветни евалуатори. Тие можат да презентираат докази од покани за презентирање на етаблирани меѓународни конференции, добиени патенти, награди, итн.

• Признаени од соодветни евалуатори: поднесениот целосен предлог ќе биде евалуиран во два чекора. Евалуацијата ќе биде изведена преку специфично поставена структура на високо стручни панели за оценка. Основен критериум за оценка е извонредноста.

• Буџет:
  • Физика и енергетика: 39%,
  • Природни науки: 34%,
  • Социјални и хуманитарни науки: 14%,
  • Интердисциплинарни: 13%.

**Напредни истражувачки грантови**

Целта е да се најдат индивидуални тимови водени од етаблирани, иновативни и активни главни истражувачи, без оглед на националноста, возраста или тековната локација. Тие ќе вклучуваат, на пример, водечки истражувачи од Европа, од дијаспората или од не-европски националности кои сакаат да се етаблираат во Европа и да водат врвни и високоризични истражувања кои отвораат нови насоки во нивното поле на истражување или во други домени.

• Придонесот на Европската унија е 100%,

• Времетраење: околу 5 години

• Профил: апликантите за престижниот истражувачки напреден грант се очекува да бидат активни истражувачи и да имаат доказ за значајни истражувачки достигнувања во последните 10 години, кои мора да бидат презентирани во апликацијата.

Мали се можностите за оние апликанти кои немаат такви записи, кшто ќе сведочат за нив како исклучителни лидери од аспект на оригиналност и значајност на нивниот истражувачки придонес.

• Буџет, ист како и предходниот.

**Буџет**

• Вкупен буџет од РП7 за капацитети-идеи: 7,5 милијарди евра,
• За почетни грантови буџетот е 1 милион евра.

**Стапка на успешност за почетните истражувачки грантови за 2007 година**

Број на предлози поднесени во прва фаза: 8 794
Број на предлози поднесени во втора фаза: 559 (стапка на успешност од 6%)
Број на финансирани проекти: 300 (стапка на успешност од 54%)
Стапка на успешност**: 3.4 %**

**Повеќе информации:** ftp://ftp.cordis.europa.eu/pub/fp7/docs/erc-annual-report_en.pdf

**Пример**:

**Полн наслов:** Интегрирана еволутивна анализа на генетските и другите интеракциски мрежи кај квасците (NETWORK EVOLUTION)

**Организација координатор**

MAGYAR TUDOMANYOS AKADEMIA SZEGEDI BIOLOGIAI KOZPONTJA, Унгарија

**Повик**: ERC-StG Starting Grants

**Опис на проектот**

Способноста на клеточните системи да се адаптираат на генетските и надворешнитепромени, претставува фундаментален, но слабо разбран процес, како на молекуларно, така и на еволутивно ниво.

Постојат физиолошки и еволуциски причини, зошто мутациите често имаат ограничен ефект врз клеточниот раст. Прво, пречките што влијаат на една цел често немаат влијание врз целокупната работа на комплексниот систем (како што се метаболитичките мрежи) како пречките што можат да се направат со реорганизација на флуксовите во метаболитичките мрежи или со промена на регулацијата и експресијата на гените. Второ, заради брзината со која еволуираат микроорганизмите, ефектот на пречките може да се зголеми со самата еволуција на компензациските мутации на другите места во мрежата. Разбирањето на степенот на интристичност и еволутивна робустност на клеточните системи бара интегрирана анализа што ќе комбинира функционална геномика и компјутерска системска билогија со експерименти за микробиолошка еволуција.

**Други карактеристики:**

o Референтен број на проектот: 202591,
o Датум на почеток: 01.07.2008,
o Траење: 60 месеци
o Трошоци за проектот: 1,28 милиони евра
o Траење: 36 месеци
o Тип на договор: почетни истражувачки грантови
o Статус на проектот: Во тек.

# Глава II: Како работи?

Оваа глава дава генерална слика за Рамковната програма 7, особено за: механизмите, изворите на информации, како и главните чекори во секој повик, потенцијалните учесници и стапките на финансирање.

## 2.1 Кои се генералните принципи?

Постојат шест важни фази во проектниот циклус, кои ќе бидат презентирани во овој дел. Тоа се:

- Отварање нов повик за предлог проекти
- Подготвување на предлог проект
- Евалуација/оценка на предлог проектите од страна на независни експерти
- Преговори со Европската Комисија
- Имплементација на проектот
- Известување/изработка на извештаи

### *2.1.1 Објава на повици за предлог проекти од Европската Комисија*

Европската Комисија е задолжена за дефинирање и објавување на **годишните работни планови** и за објавување на **повиците за предлог проекти**. Тие се однесуваат на специфични научни или технолошки прашања или му нудат на учесникот можност за избор на тема за истражување (особено за некои повици кои се посветени на МСП).

Повикот за предлог проект и работната програма ги дефинираат:

- Која тема треба да биде покриена
- Видот на инструмент (CP, CSA и др.)
- Буџет
- Краен датум за поднесување на предлог проект
- ...

Повикот за предлог проект и работната програма се придружени со детални инструкции за подготовка на предлог проект.

Предлог верзија од работната програма некогаш може да кружи меѓу истражувачите пред објавување на финалната верзија.

Повикот за предлог проект и работната програма секогаш се објавени на веб страната на Cordis: http://cordis.europa.eu/fp7 во делот „најди повик“.

Еден пример за повик од областа на храна, земјоделство, рибарство и биотехнологија, објавен во 2007 година со краен рок на пријавување до февруари 2008 година (KBBE-2008-2B) е прикажан на следнава страна:

## Генерален работен план на програмата:

| | | |
|---|---|---|
| 2.1.2 | КВВЕ-2008-I-2-04: Микробна контрола за поодржлива аквакултура | Мал проект за соработка |
| 2.1.2 | КВВЕ-2008-I-2-05: Подобрување на агро-шумарските системи за одржливо фармерство-SICA | Мал проект за соработка-SICA |
| 2.1.2 | КВВЕ-2008-I-2-06: Предвидување на шумската разновидност под влијание на климатските промени и последиците врз стабилноста и продуктивноста на шумските екосистеми | Мал проект за соработка |
| 2.1.2 | КВВЕ-2008-I-2-07: Шумска енергија-Шумарство со краткорочна ротација како одржлив и еко-ефикасен систем за употреба на земјата и менаџмент при добивање на заменители на фосилни горива, во склопот на CDM -проектите | Акција за координација и поддршка (координација) |
| 2.1.2 | КВВЕ-2008-I-2-08: Нови пристапи при повторна употреба на загубите на азот | Акција за координација и поддршка (поддршка) |
| 2.1.3 | КВВЕ-2008-I-3-01: Подобрување на здравјето на животните и безбедноста на храната преку испитување на функцијата на желудникот кај домашните животни, гасто-интестиналната микрофлора и нејзините интеракции | Мал проект за соработка |
| 2.1.3 | КВВЕ-2008-I-3-02: Шап и лигавка: подобрување и/или равивање на вакцина, стратегии и дијагностички тестови за слободни и отворени средини -SICA | Мал проект за соработка-SICA |
| 2.1.3 | КВВЕ-2008-I-3-03: Подобрени орудија и стратегии за превенција и контрола на класичната свинска чума | Мал проект за соработка |
| 2.1.4 | КВВЕ-2008-I-4-01: Развој на нови дијагностички методи за поддршка на политиката за заштита на растенијата | Мал проект за соработка |
| 2.1.4 | КВВЕ-2008-I-4-02: Управување со рибарство во длабоко море | Мал проект за соработка |
| 2.1.4 | КВВЕ-2008-I-4-03: Пристап за управување со рибарство на основа на „максимално дозволени ограничувања на негативните влијанија“ | Мал проект за соработка |
| 2.1.4 | КВВЕ-2008-I-4-04: Заедничка земјоделска политика-просторна димензија на европските програми на рурален развој | Мал проект за соработка |
| 2.1.4 | КВВЕ-2008-I-4-05: Макро економска анализа на конкурентноста, вклучувајќи не-тарфини бариери | Мал проект за соработка |
| 2.1.4 | КВВЕ-2008-I-4-06: Социолошко влијание на органското земјоделство | Акција за координација и поддршка (поддршка) |
| 2.1.4 | КВВЕ-2008-I-4-07: Испитување на про и контра мислењата и јавната перцепција за генетски модифицираните животни | Акција за координација и поддршка (поддршка) |
| 2.1.4 | КВВЕ-2008-I-4-08: Карактеризација и валоризација на андскиот почвен микробиолошки биодиверзитет во поддршка на одржливото производство растенија и агро-екосистеми -SICA | Мал проект за соработка-SICA |
| 2.1.4 | КВВЕ-2008-I-4-09: Шеми за управување со квалитет | Акција за координација и поддршка (поддршка) |
| 2.1.4 | КВВЕ-2008-I-4-11: Координирање на активностите на ХЗРБ релеватни за европските технолошки платформи | Акција за координација и поддршка (поддршка) |

### 2.1.2 Изработка на предлог проект

Пред да се започне со изработка на предлог проект важно е да се провери дали тој одговара на одреден број барања:

- Зошто е Вашиот проект пресуден (каков проблем решава)?
- Дали има Европска додадена вредност?
- Која е користа од проектот?
- Дали е **иновативен** или дали овозможува **напредок над степенот на извонредност**?

Важно е да се читаат внимателно достапните документи по следниов редослед: 1) Работна програма, 2) Повик за предлог проект, 3) Прирачник за евалуација и 4) Финансиски прирачник.

**Предлог проектот** треба да одговара на барањата на темата. Тој треба да содржи:

- Цели на проектот
- Напредок над степенот на извонредност
- Организација на проектот
- Разни задачи кои ќе бидат спроведувани
- Планирање на проектот и изработка на буџет
- Профил на учесниците
- Очекуваното влијание од проектот (во однос на пазарот и во однос на европската додадена вредност).

Предлог проектот мора стриктно да го следи дадениот модел.

Форматот е објаснет во **Водичот за апликанти** и е објавен заедно со повикот. Предлог проектот мора да се поднесе само со употреба на **Електронскиот системот за поднесување на предлог проект - ЕСПП** (Electronic Proposal Submission System-EPSS)**,** пред истекот на крајниот рок на повикот.

Внимавајте:

- Предвидете ги добро крајните рокови. Имајте предвид дека Вашите партнери ретко ќе одговорат толку брзо колку што очекувате.

- Колку сте поблиску до крајниот датум, техничките проблеми можат да го одложат поднесувањето на предлог проектот. Секогаш поднесете ја првата верзија од Вашиот предлог проект преку ЕСПП пред крајниот рок, последниот ден за поднесување.

### 2.1.3 Оценка на предлог проекти

РП7 е базирана на конкурентни повици за предлог проекти, т.е. за секоја тема по даден повик неколку конзорциуми подготвуваат предлог проекти и само најдобриот ќе бидат финансиран. За да се определи кој предлог проект ќе биде финансиран, Европската Комисија формира панел од независни експерти (надвор од Европската Комисија). Евалуацијата е базирана на следниве критериуми:

- Научен и технички квалитет
- Квалитет и ефикасност на имплементација на менаџментот
- Влијание (потенцијалното влијание од развојот, дисеминацијата и користењето на проектните резултати).

Максималниот број на бодови што можат да се добијат е 15, одно по 5 за секој критериум. За да се добијат средства, проектот мора да освои најмалку 3 поени од секој критериум, а долната граница на вкупниот број поени да биде најмалку 10. Вообичаено, конкуренцијата е толку голема што предлог проект со вкупно 13 бодови има многу мали шанси да успее.

### 2.1.4 Преговори

Откако проектот ќе биде прифатен (фазата на оценка трае 3 месеци), конзорциумот и Комисијата преговараат околу **Договорот за грант**, кој ги дефинира задачите што ќе бидат спроведени, буџетот и придонесот (износот на средства) кој ќе биде добиен од Европската Комисија.

### 2.1.5 Имплементација на проектот

Проектот се имплементира по потпишувањето на Договорот за грант. Партнерите добиваат авансна исплата, но финалното плаќање ќе биде направено по завршувањето на проектот.

### 2.1.6 Известување (изработка на извештаи)

За време на проектот, Европската Комисија треба да биде постојано информирана за завршените задачи и со нив поврзаните трошоци. Финансиските ресурси, припишани на специфичен проект, се дефинитивни и сигурни само откако истите ќе бидат направени, докажани и одобрени од страна на Европската Комисија. Ако трошоците не се во согласност со буџетот или со финансиските правила на РП7, Европската Комисија може да бара враќање на авансираните средства.

Извештаите се состојат од вообичаено финансиско следење:

- На трошоците, преку фактури/сметки
- На персоналните трошоци, преку прегледи за потрошено работно време (time sheets), кои треба да бидат потполнети и потпишани од секој вработен на проектот:

| Јануари 2008 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Организација: | | | | | | | | |
| Име на вработен: | | | Година: 2008 | | Месец: Јануари | | | |
| Број на вработен: | 1 | Недела | Недела 1 | Недела 2 | Недела 3 | Недела 4 | Недела 5 | Вк. час |
| РП1 | | | | | | | | 0 |
| РП2 | | | | | | | | 0 |
| РП3 | | | | | | | | 0 |
| РП4 | | | | | | | | 0 |
| РП5 | | | | | | | | 0 |
| РП6 | | | | | | | | 0 |
| Вкупно часови: | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Потпис на вработен: | | | Потпис на раководител: | | | | | |

| Февруари 2008 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Организација: | | | | | | | | |
| Име на вработен: | | | Година: 2008 | | Месец: Јануари | | | |
| Број на вработен: | 1 | Недела | Недела 1 | Недела 2 | Недела 3 | Недела 4 | Недела 5 | Вк. час |
| РП1 | | | | | | | | 0 |
| РП2 | | | | | | | | 0 |
| РП3 | | | | | | | | 0 |
| РП4 | | | | | | | | 0 |
| РП5 | | | | | | | | 0 |
| РП6 | | | | | | | | 0 |
| Вкупно часови: | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Потпис на вработен: ______________ | | | Потпис на раководител: ______________ | | | | | |

Формуларот Ц е формулар што секој корисник на РП7 треба да го пополни и поднесе до Европската Комисија во согласност со периодите за известување дефинирани во Договорот за грант.

**Формулар Ц - Модел на финансиска изјава за активност (да ја пополни секој партнер)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Тип на инструмент | Specific Support Action | Тип на активност (ако е потребно) | |
| Наслов на проектот (или акроним) | | Договор бр. | 26361 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Легално име на партнерот | | | |
| Тип на легалност | | | |
| Лице за контакт | | Телефон | |
| Телефон | | E-mail | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Модел на трошоци (AC/FC или FCF) | | Индиректни трошоци (Реални или Рамна стапка од 20% од Директните трошоци, освен за подизведувачите) | Не применливо |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Период од | 1.5.2007 | До | 30.4.2008 |

| 1- Ресурси (Трета/н страна/н) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Дали има какви било достапни ресурси на база на претходен договорсо трети страни идентификувани во Анекс I на договорот? (Да / Не)* | | | | Не |
| *Ако Да, обезбеди ги следниве информации* | | | | |
| Трета страна: 1 (Y1) | Легално име | | Употребен модел на трошоци | |
| Трета страна: 2(Y2) | Легално име | | Употребен модел на трошоци | |
| Трета страна: 3(Y3) | Легално име | | Употребен модел на трошоци | |
| Трета страна: 4(Y4) | Легално име | | Употребен модел на трошоци | |
| Додади трета страна | | | | |

**2- Изјава за оправдани трошоци (во €)**

*Ве молиме комплетирајте ги само активностите покриени со релевантен инструмент(или тип на акција) наведени погоре и спомнати во член II.25 и/или во Анекс I и III на договорот.*

*Ако сте партнер што употребува модел на додадени трошоци (AC):*

*- наведете ги само вашите додадени оправдани трошоци, освен за менаџмент на конзорциумот, за што можете да ги наведете вашите полни оправдани трошоци.*

*- не пријавувајте оправдани директни додатни трошоци специјално покриени сод трети страни како што е наведено во членовите II. 20 и II. 23.а и б на договорот.*

*Ако сте партнер што употребува модел на полни трошоци (FC/FCF), наведете ги вашите полни оправдани трошоци.*

*Во пријавените трошоци треба да се разликуваат директните од индиректните трошоци*

## 2.2 Какви видови на проекти?

Во РП7 можат да бидат финансирани различни видови на проекти. Следниве шеми на финансирање се од особен интерес за истражувачките центри:

**- Заеднички проекти,** кои се насочени кон развој на нови технологии во специфична научна област и собираат компании, истражувачки центри и јавни тела од цела Европа во конзорциуми, кои работат заедно на проекти што траат од 18 до 48 месеци.

**- Мрежи на извонредност,** долгорочни проекти за соработка меѓу истражувачки центри, специјализирани во определени области. Тие се насочени кон интеграција и делење на научното знаење на европско ниво, така што придонесуваат за креирање на европската истражувачка област.

**- Акции за координација и поддршка,** кои не вклучуваат истражувачки активности. Пример за ваков проект е EU-Balkan FABNET, проект кој има за цел да ги обучи истражувачите од Западен Балкан за Рамковните програми 7. Акциите за координација и поддршка се исто така инструмент на под-програмата истражувачки потенцијал **(REG POT).** Овие проекти имаат за цел да ги стимулираат истражувањата преку поддршка на една истражувачка организација (вклучувајќи истражувачки организации од земјите од Западен Балкан[2]). Ова е направено воглавно преку поддршка на вмрежувања, размена на персонал и набавка на опрема за која било тема покриена со РП7. Нов повик ќе биде отворен во 2009 година.

**- Истражувачки проекти од корист за МСП** или здруженија на МСП и организации за истражување и технолошки во развој на некоја особено иновативна идеја. Партнерите во истражување и технолошки развој работат како подизведувачи на МСП кои го финансираат целиот истражувачки напор. На крајот на проектот, МСП ги задржуваат авторските права и сопственоста на иновациите, резултатот на истражувачките напори.

## 2.3 Кој може да учествува?

РП7 е отворена за широк опсег на организации, МСП, истражувачки центри, индивидуални истражувачи (за грантовите кај Марија Кири), универзитети, невладини организации...

**РП7 е отворена за сите организации од земјите членки на Европската Унија како и придужните земји членки во Рамковната програма 7**. Исто така, отворена е за голем број трети земји кои се сметаат за меѓународни партнерски земји за соработка. Организациите од овие земји можат да учествуваат во РП7 под определени минимални услови.

Во регионот на **земјите од Западен Балкан**-Македонија, Албанија, Хрватска, Црна Гора, Србија и Босна и Херцеговина (од 2009) се придужни земји членки.

---

[2] Во септември 2008 година следниве земји се квалификувани за RegPoT: Албанија, Хрватска, Македонија, Грна Гора и Србија. Босна и Херцеговина и Косовоке бидат подобни кога ќе го потпиешат договорот за ссоцијација со Европската Унија, за најнови информации види на: http://cordis.europa.eu/fp7/who_en.html#countries.

## 2.4 Што се финансира?

Во проектите на РП7 се финансираат разни видови активности како дополнување на едноставната истражувачка работа. Финансирањето се однесува на следниве активности:

- Истражување и технолошки развој
- Демонстрација
- Друго (обуки, дисеминација)

Европската Комисија ги финансира **персоналните трошоците** (трошоци за работа базирани на месечен износ и време потрошено од страна на вработените во организацијата), **опрема** (земајќи ја предвид амортизацијата на опремата и нејзиното користење во проектот), **потрошен материјал**, **патни трошоци** и **трошоци поврзани со организирање на настани**.

## 2.5 Како да се најдат можности?

Работните програми и повиците за предлог проекти можат да се најдат на веб страната на **информациски услуги на заедницата за истражување и развој-ИУЗИР) - (Community research and Development Information Service-CORDIS): http://www.cordis.europa.eu/fp7**



Со притискање на копчето „најди повик“ (“find a call”), можете да ги најдете сите повици кои моментално се отворени за учество и нивните крајни рокови, за сите специфични програми.




Сите документи (работни програми и водичи за апликантите), поврзани со специфичен повик кои ќе Ви помогнат да напишете предлог проект, можете да ги најдете со притискање на копчето со името на повикот.




**Национални контакт лица-НКЛ (National Contact Points-NCP)** се национални структури, финансирани од владите на земјите членки на Европската унија и придружните земји членки кои учествуваат во Рамковната програма.

Овие лица даваат поддршка на нивните корисници, на нивниот јазик, и можат да одговорат на многу прашања во врска со РП7. Тие се специјализирани во определена област од РП7 и затоа можат да дадат индивидуални совети и помош за релевантни прашања. Според националната традиција и различните методологии на работа, националните контакт лица се одбираат од различни организации како: министерства, истражувачки центри, универзитети, агенции или приватни консултантски компании.

**Информациски контакт лица-ИКЛ (Information Contact Points-ICP)** даваат информации на истражувачите кои доаѓаат од трети земји и кои имаат намера да учествуваат во европските истражувања. Овие лица исто така даваат информации за организациите од ЕУ и придружните земји членки кои бараат партнери во трети земји. Детали за контакт со Вашите за **NCP** и **ICP** можете да најдете на следниве веб страни:

http://cordis.europa.eu/fp7/third-countries_en.html
http://cordis.europa.eu/fp7/ncp_en.html



# Глава III: Како да учествувате?

Оваа глава обезбедува информации и совети за успех во секој чекор од животниот циклус на проектот, од подготовките до преговорите и раководењето.

## 3.1 Подготвување на предлог проект

### *3.1.1 Како да започнете?*

Учеството во РП7 проектите бара внимателни подготовки, дури и пред да се започне со самото пишување на предлог проект.

Најнапред, мора да се има **јасна идеја за проектот**. Првиот чекор е да се анализира повикот и да се разбере темата. Исто така е важно да се разбере зошто ЕК се решила да лансира повик токму за оваа тема. Можете да побарате проекти кои се предходно финансирани од ЕУ и да ги контактирате проектните лица (Project Officer) во ЕК (имињата се дадени на Cordis), за да дознаете повеќе за потеклото на темата. При подготовка на Вашиот прв опис на проектот ќе Ви помогне одговорот на следниве прашања:

- Кои се Вашите истражувачки/технолошки **цели**?
- Кој е **степенот на извонредност** во областа која ја одбравте?
- Која е **потребата** изразена од страна на крајните корисници?
- Кое е очекуваното **влијание** во однос на пазарот?
- Зошто се користи **европскиот пристап**, наместо националниот?
- **Какви напори** треба да се превземат за постигнување на целите?
- **Кои компетенции** ќе бидат потребни во рамките на конзорциумот?

Овој прв опис ќе Ви биде корисен како почетен предлог проект и како начин да го презентирате проектот на Вашите потенцијални партнери.

### *3.1.2 Како да најдете партнер?*

*a. Каде да најдете потенцијални партенери?*

Првиот пристап е да побарате партнер од **Вашата сопствена мрежа**. Истражувачи или копмании кои сте ги запознале на меѓународни конгреси или со кои веќе имате работено се без сомнение добра појдовна точка за креирање на Вашиот конзорциум. Исто така, може да се консултирате со Стопански комори или специјализирани агенции.

Може да испратите барање за партнери и до **националните контакт лица** во земјите кои се цел на Вашето барање. Ако барате трети земји (земји кои не се ниту постојани ниту придружни земји членки во ЕУ), треба да ги побарате **информативните контакт лица** кои ги имаат сите релевантни бази на податоци од Ваш интерес. На веб страната на CORDIS FP7, можете да ги најдете нивните контакт детали, преку селектирање на „најди поддршка“ (“Get support”).

Исто така, може да најдете потенцијални партнери користејќи ја базата на податоци на веб страната на CORDIS. Треба да одберете „најди партнер“ (“find a partner”) на почетната страна на веб страната на РП7. Со користење на клучни

зборови и селектирање на вид на профил(и), програма(и) која Ве интересира(ат) или земја(и), можете да најдете потенцијални партнери и нивни контакт детали.




Друг начин да најдете партнери за Вашиот проект е да погледнете кај **акциите за поддршка** (некои од акциите за поддршка се наменети за следење на разни организации во дадена област на истражување и развој, во дадени земји-EU Balkan FABNet е пример за таков проект).

Генерално земено, можете да ги контактирате координаторите или партнерите на разни **тековни или завршени европски проекти**, поврзани со темата слична на Вашата.

Сите завршени проекти можете да ги најдете на веб страната на CORDIS, со едноставно кликање на „најди проект“ (“find a project”) и потоа селектирање на темата од Ваш интерес или со испишување на клучните зборови кои ги барате.

### *б. Како да продолжите?*

Прв **неформален контакт** со потенцијални партнери кои сте ги нашле и сакате да ги запознаете со Вашиот предлог проект, можете да направите преку телефон или електронска пошта. Ако покажат интерес, можете да им испратите **краток опис на проектот** и да побарате да Ви пратат преглед на нивните компетенции (вклучувајќи листа на нивни публикации) и кои активности би можеле да ги извршуваат во проектот.

Исто така, можете да им испратите **договорот за доверливост**, пред да поминете на наредниот чекор при давање подетални информации за проектот.

### 3.1.3 Како да се напише проект?

Предлог проектот е поделен на два дела:

- Делот А ќе биде пополнет директно преку **системот за електронско поднесување на проекти**. Тој ги содржи основните податоци за проектот, административните податоци за партнерите и буџетот.

Страна 1 од 1

**Формулар за предлог проект**

**EUROPEAN COMMISSION**
7th Framework Programme on Research, Technological Development and Demonstration

Ации на координација и поддршка
Акции на поддршка

**A1: Содржина**

| Предлог број | | Акроним на предлогот | |
|---|---|---|---|

**Генерални информации**

| Наслов на предлог проектот | | | |
|---|---|---|---|
| Траење во месеци | | Број на повикот | |

Код(ови) на темата најрелеванен/тни за твојот предлог проект

| | | |
|---|---|---|
| | | |

| Слободни клучни зборови | |
|---|---|

Абстракт (максимум 2000 карактери)

Страна 1 од 2

**Формулар за предлог проект**

**EUROPEAN COMMISSION**
7th Framework Programme on
Research, Technological
Development and
Demonstration

Акции на координација и поддршка
Акции на поддршка

**A2.1:**
**Учесници**

Предлог број [ ] Акроним на предлогот [ ] Учесник бр. [ ]

Ако Вашата организација е веќе регистрирана во РП7 внесете го Вашиот Идентификациски број на учесник [ ]

Легално име на организацијата [ ]
Скратено име на организацијата [ ]

**Административни податоци**

Легална адреса

Улица [ ] Број [ ]
Град [ ] Поштенски бр./Cedex [ ]
Држава [ ]
Интернет страница [ ]

**Статус на Вашата организација**

Специјалните услови во правилата за учество во РП7 се користи за одредени типови организации
За статистички цели, Комисијата врши собирање на податоци
За да ја пополните оваа секција можете да ги користите Водичите
Статусот на организацијата го определува координаторот на предлог проектот. Ако сакате да ја модифицирате оваа информација, тогаш тоа мора да го направи и координаторот

Главна област на активности (NACE код)

Непрофитна организација

**Формулар за предлог проект**

**EUROPEAN COMMISSION**
7th Framework Programme on
Research, Technological
Development and
Demonstration

Акции на координација и поддршка
Акции на поддршка

**A2.2:**
**Учесници**

Страна 1 од 1

**Формулар за предлог проект**

**EUROPEAN COMMISSION**
7th Framework Programme on Research, Technological Development and Demonstration

Акции на координација и поддршка
Акции на поддршка

**A3.1:**
**БУЏЕТ**

Предлог број [ ] Акроним на предлогот [ ] Учесник бр. [ ]

Во РП7 постојат различни методи за пресметување на индиректните трошоци. Различните опции се објаснети во водичите.
** Ве молиме да водите сметка дека сите опции не се достапни за сите типови организации

Методот за пресметување на индиректни трошоци се наоѓа на почетната страна на предлог проектот
Ако сакате да ја модифицирате оваа информација, тоа морате да го сторите на почетната страна на предлог проектот

Мојот легален ентитет припаѓа на ПЗМС и ќе користи метода на вкупна сума (ако да, пополнете го само редот за вкупна сума). [ ]
Ако не, не го користете тој ред

| | Тип на активност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Истраж. и развој | Демонс. | Коорди. | Поддрш. | Менаџ. | Друго | Вкупно |
| Лични трошоци (во €) | | | | | | | |
| Трошоци за подизведувачи (во €) | | | | | | | |
| Други директни трошоци (во €) | | | | | | | |
| Индиректни трошоци (во €) | | | | | | | |
| Вкупна сума, рамна стапка или дел од единица(само за ПЗМС земји) (во €) | | | | | | | |
| Вкупен буџет (во €) | | | | | | | |
| Побарано учество од ЕК (во €) | | | | | | | |
| Вкупно сметки (во €) | | | | | | | |

Понатамошен водич: (пр. за значењето на личните трошоци, подизведувачи итн.) можат да се најдат во Анекс III на Водичот за апликанти

- **Делот Б** содржи технички податоци за проектот: специфични цели, напредок над степенот на извонредност, опис на задачите кои ќе бидат спроведени и нивното планирање, претставување на секој партнер и влијанието на проектот.

**Содржина**

**СЕКЦИЈА 1: НАУЧЕН И/ИЛИ ТЕХНИЧКИ КВАЛИТЕТ, РЕЛЕВАНТЕН ЗА ТЕМАТА НАВЕДЕНА ВО ПОВИКОТ** ........ **3**

1.1 КОНЦЕПТ И ЦЕЛИ ........ 3

**СЕКЦИЈА 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА** ........ **37**

2.1 МЕНАЏМЕНТ СТРУКТУРА И ПРОЦЕДУРИ ........ 37

2.2 ИНДИВИДУАЛНИ УЧЕСНИЦИ ........ 41

2.3 РЕСУРСИ ШТО ЌЕ СЕ АНГАЖИРААТ ........ 81

**СЕКЦИЈА 3. ВЛИЈАНИЕ** ........ **83**

3.1 ОЧЕКУВАНО ВЛИЈАНИЕ НАВЕДЕНО ВО РАБОТНАТА ПРОГРАМА ........ 83

**АНЕКСИ** ........ **89**

При изработка на предлог проект треба да се следи **прирачникот за апликанти**. Овој прирачник можете да го најдете на веб страната na CORDIS FP7, со одбирање на името на повикот за кој аплицирате (заедно со работната програма на повикот и другите документи кои ги опишуваат генералните правила на РП7).

Внимавајте:

- Може да има неколку **прирачници за апликанти** за еден повик. Мора да се превземе оној кој одговара на **Вашата шема на финансирање** (SA, CP или NE).

- Прирачниците за апликанти можат да бидат ажурирани за времетраење на повикот. Затоа треба постојано да проверувате дали постои нова достапна верзија.

### *3.1.4 Совети за успех*

**Генерални совети:**



- Кога пишувате предлог проект треба да почнете од **целите**: што ќе биде испорачано на крајот на проектот? Дали сите партнери се свесни за овие цели?
- Прецизно дефинирање на **резултатите и иновативноста.**
- **Сите партнери** мора да учествуваат во пишувањето на предлог проектот, особено во описот на работните пакети (групи на задачи) во кои тие се вклучени.
- Партнерите мора да земат улога во финалното дефинирање на проектот: тие можат да ја користат нивната специјализирана експертиза за давање критика или за предефинирање на некои аспекти на проектот.
- Улогата на секој партнер мора да биде јасно дефинирна во рамките на конзорциумот.
- Конзорциумот мора да демонстрира вкупна додадена вредност споредена со капацитетите на секој од индивидуалните партнери.

**Интелектуална сопственост:**

Интелектуалните сопственички права се од особена важност од аспект на искористување и дисеминација на проектните истражувачки резултати. Вообичаено, интелектуалната сопственост развиена во рамките на проектот е заштитена на неколку начини, во зависност од видот на знаење, новитетот, неговиот успех и стратешките карактеристики на знаењето. Се препорачува да се земе предвид **патентирање во европската канцеларија за патенти и да се потпише договор за доверливост** со клиентот кој прашува/бара пристап до знаењето.

Со цел да се надминат некои конфликтни ситуации треба:

- Да се опфатат сите права за интелектуална сопственост во договорот за доверливост;

- Да се одбегне заедничка сопственост и да се воспостави јасно сопственииштво над знаењето создадено во текот на проектот. Во друг случај, да се направи заедничка сопственост во искористувањето на знаењето во рамките на конзорциумот;

- Да се избегнат или минимизираат можните идни конфликти во однос на правата на интелектуална сопственост со конзорциумот.

**Елаборирање на буџетот:**

Елаборацијата на буџетот не е едноставна работа, бидејќи треба да се предвидат сите трошоци за долг временски период. Треба секогаш да се определат, што е можно подетално, задачите кои треба да бидат извршени (детален план на работа) и да се проценат трошоците за секоја задача.

Трошоците се поделени на директни трошоци, персонални трошоци (надомест за потрошено време), патување, сместување, храна и други трошоци, опрема со подолг рок на траење, потрошен материјал, подизведувачи и индиректни трошоци. Определувањето на индиректните трошоци зависи од соодветната шема што треба да биде одбрана од 3 можни опции: реални индиректни трошоци, рамна стапка која по правило е 20% (со исклучоци за: непрофитни јавни тела, средно и високо образование, истражувачки организации и МСП, кога во случај учесникот не може да ги идентификува реалните индиректни трошоци и само за шемите со: истражување, технолошки развој и демонстрирање кога тој процент е 60% или процентот да е 7% само за шемите на акциите за координација и поддршка).

За да се изработи добар и избалансиран буџет потребно е да се идентификуваат категориите на трошоци. Затоа, кога се дизајнира планот за работа, треба да ги идентификувате видовите на активности и категориите на трошоци за секој **работен пакет** (задача). При проценка на персоналните трошоци држете се за реалното сценарио. За да го постигнете тоа, почнете со реални вистински плати, проценете го нормалниот годишен процент на покачување на платите и додадете мала маржа.

### *3.1.5 Што после поднесувањето на предлог проектот?*

Откако предлог проектот ќе биде поднесен, Европската Комисија оценува дали проектот ги задоволува поставените минимални административни барања.

Предлог проектот е прифатлив кога е целосен, во согласност со сите минимални барања, релевантен е на повикот и кога придонесот на Европската Комисија е под минималната граница (обично 6 милиони € за големи проекти за соработка и мрежи на изонредност, 3 милиони € за мали проекти за соработка и 1

милион € за акции на координација и поддршка, но ова треба да се провери во секоја работна програма, бидејќи постојано се менува).

Предлог проектот се оценува од страна на **панел од независни експерти**. Тимот за евалуација го оценува предлог проектот според три критериуми:

- Научна и технолошка изведба
- Структура и процедура на имплементирање
- Потенцијално влијание на проектот

Секој од трите критериуми се оценува со 5 поени, односно максималната оценка е 15 поени. За секој од овие критериуми предлог проектот мора да добие најмалку 3 поени, а за да биде финансиран вкупниот број на поени треба да биде најмалку 10. Најчесто проектот што ќе има најголем број на бодови е оној кој ќе биде финансиран.

Внимавајте:

Во повиците од РП7 може да имате процедура со еден или два чекори. Кај процедурата од еден чекор конзорциумот најнапред поднесува краток приказ на проектот. Само предлог проектите кои ќе ја поминат првата оценка ќе бидат поканети да го поднесат комплетниот предлог проект. Процедурата од два чекори се користи кај големите проекти за соработка и мрежите на извонредност. Во областа храна, земјоделство, рибарство и биотехнологија се применуваат и двете процедури.

На крајот на процедурата за оценка, проектниот координатор ќе добие писмо кое содржи **сумарен извештај за оценка** (Evaluation Summary Report-ESR), кој ги содржи не само забелешките, но и коментарите за предностите и недостатоците на проектот според евалуаторите. Овој извештај треба да биде внимателно разгледан од проектниот координатор и партнерите, за да се разбере зошто резултатот е негативен, или да се согледа кои аспекти од проектот ќе бидат предмет на дискусија на сесијата за преговарање со Европската Комисија, во случај проектот да биде селектиран.

Сумарниот извештај за оценка дава информација за рангирањето, но не и дали проектот е селектиран за финнасирање или не. Во случај на успех, проектниот координатор ќе добие писмо кое навестува дека проектот е поканет на преговори. Во спротивно, негативниот одговор ќе пристигне многу подоцна.

## 3.2 Преговори за Вашиот проект

### *3.2.1 Како понатаму?*

Доколку Вашиот проект е селектиран за финансирање, координаторот ќе добие писмо од Комисијата како покана за преговори околу договорот за грант.

Ова писмо содржи информации за следните чекори при преговарање (име на лицата за наука и финансии кои ќе бидат задолжени за преговори, максималниот буџет, крајни рокови за преговори и коментари за измени во проектот). Исто така, ќе добиете клуч за пристап до електронската алатка каде ќе бидат достапни информации за проектот.




https://webgate.ec.europa.eu/nef-rtd/frontoffice/login

Проектниот координатор преговара во името на сите партнери. Преговорите можат да се однесуваат на многу работи, но вообичаено се разгледуваат следниве:

- Буџет
- Детали за описот на работната програма и менаџментот
- Конзорциумот и приемот на нови партнери
- Права на интелектуална сопственост.

Документите кои треба да се подготват, можат да бидат поделени во два дела:

- **Технички документи** (Опис на работа-ОнР) - (Description of Work-DoW ),

Описот на работата е многу сличен на Делот Б од предлог проектот, но мора да се земе предвид сумарниот извештајот за оценка. ОнР е додаден на анексот за договорот за грант.

**Содржина**

**ДЕЛ А** ........ 3

**А.1 ФОРМУЛАР ЗА ДЕТАЛЕН БУЏЕТ (КОПИЈА НА ФОРМУЛАР А3.2 ОД ФоГ)** ........ 3

**А.2 ФОРМУЛАР ЗА ЗБИРЕН БУЏЕТ (КОПИЈА НА ФОРМУЛАР А1 ОД ФоГ)** ........ 4

**А.3 ЛИСТА НА КОРИСНИЦИ** ........ 4

**ДЕЛ Б** ........ 5

**Б.1 КОНЦЕПТ И ЦЕЛИ, КВАЛИТЕТ И ЕФЕКТИВНОСТ НА МЕХАНИЗМИТЕ ЗА ПОДДРШКА И ПРИДРУЖНИОТ РАБОТЕН ПЛАН** ........ 5

*Б.1.1 Концепт и цели на проектот* ........ 5

*Б.1.2 Научнa/технолошка методологија и придружен работен план* ........ 6

В.1.2.1 Вкупна стратегија и генерален опис ........ 6

В.1.2.2 Временска рака на работните пакети и нивните компоненти ........ 6

В.1.2.3 Листа на работни пакети/преглед ........ 6

В.1.2.4 Листа на испорачани цели ........ 7

В.1.2.5 Опис на работните пакети ........ 8

В.1.2.6 Напори за целото времетраење на проектот ........ 17

В.1.2.7 Листа на граничници и планирани прегледи ........ 17

**Б.2 ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА** ........ 19

*Б.2.1 Менаџмент структура и процедури* ........ 19

*Б.2.2 Корисници* ........ 20

*Б.2.3 Конзорциум како целина* ........ 22

*Б.2.4 Ресурси што ќе се ангажираат* ........ 22

**Б.3 ВЛИЈАНИЕ** ........ 24

*Б.3.1 Стратешко влијание* ........ 24

*Б.3.2 Ширење извонредност, експлоатација на резултати, дисеминација на знаење* ........ 26

**Б.4 ЕТИЧКИ ПРАШАЊА** ........ 37

- **Административни документи** (договор за грант)
- **Учесници**

Се испитува статусот на секој учесник во РП7. Секој учесник се регистрира во „Единствен регистар“ http://ec.europa.eu/research/participants/urf.

Европската Комисија директно го контактира секој учесник кој мора да ги достави до ЕК сите барани информации (копија од статусот или друг правен документ). Кога организацијата не е од земјите членки на ЕУ, се бара документот да биде преведен на англиски јазик. Информациите се бараат само еднаш за времетраење на целиот проект од РП7.

- **Формулар за одобрување на грант - ФоГ** (Grant Preparation Form-GPF)

Формуларите се пополнуваат од страна на координаторот на проектот кој го има добиено клучот за пристап до веб страната:

https://webgate.ec.europa.eu/nef.

Координаторот бара од сите учесници да ги достават потребните информации. Треба да се пополнат два дела: информации за секој учесник и за буџетот. Информациите за секој учесник ги покрива следниве области:

- Правни информации (име, адреса, регистарски број и даночен број),
- Организациска структура (јавно/приватно, профитно/не-профитно),
- Ополномоштени претставници (детали за контакт од две лица кои можат да го потпишат договорот),
- Контакт (лице задолжено за административни и научни аспекти).

Времетраењето на преговорите зависи најмногу од:

- Квалитетот на предлог проектот,
- Коментари од сумарниот извештај за оценка,
- Проектниот службеник.

Тие можат да бидат многу едноставни или комплицирани, брзи (2 месеци) или долги (12 месеци).

### *3.2.2 Совети за успех*



- Аплицирањето за европските програми може да предизвика извесна емоционална тензија. После напнатоста од подготвување на проектот, поднесувањето доаѓа како олеснување. Потоа, чекањето може да биде долг и фрустрирачки процес, но надежда не смее да се губи.

- Откако ќе се добие покана за преговори, после долг период на неактивност на проектот, процесот наеднаш се забрзува и документите за договорот за грант треба да бидат подготвени многу брзо.

- Кога го изработувате предлог проектот, постојано имајте го предвид описот на работа и што сé треба да доставите до ЕК во случај Вашиот предлог проект да биде успешен. Колку е Вашиот предлог проект поблиску до барањата, подобро за Вас и преговорите ќе бидат поедноставни.

Повеќе информации за преговорите можете да најдете во Прирачникот за преговори (Negotiation Guidance Notes), достапен на веб страната:

**http://cordis.europa.eu/fp7/find-doc_en.html , Section « Guidance documents »**

## 3.3 Имплементација на Вашиот проект

### *3.3.1 Основни правила*

По завршувањето на фазата на преговори, се потпишува договорот за грант. Потоа, на определен датум, започнува имплементацијата на проектот.

Вообичаено проектот започнува со важен **почетен состанок (kick-off meeting)** на кој присуствуваат сите учесници. Овој состанок е важен зашто помага да се разбере **заедничката визија** за проектните цели.

За време на проектот, договорена е редовна процедура на известување.

Известувањето до ЕК вообичаено се одвива на 18 месеци, а интерното известување на 6 месеци, но тоа не е основно правило.

Исто така, треба да се организираат редовни состаноци меѓу партнерите кои ќе овозможат редовно следење на проектот, дискутирање за достигнувањата, проблемите и идните активности.

Во однос на проектот, **раководењето со ризици** е многу важна проблематика која треба да се испланира од почетокот на елаборирањето на проектот. За да се избегне или минимизира појавата на ризици, многу е важно да се воспостават редовни состаноци или телеконференции (обично на секои 2-3 месеци), меѓу сите раководители на работни пакети и да се изработат алтернативни планови за реализирање на задачите и поставените цели.

### *3.3.2 Совети за успех*



- За време на имплементацијата на проектот една од најважните работи за неговиот успех е **комуникацијата** меѓу сите партнери на сите нивоа. Не само што сите партнери треба да се чувствуваат инволвирани длабоко во проектот, туку и лицето задолжено за проектот од Европската Комисија треба постојано да се известува за напредокот на проектот.
- Сите конфликтни ситуации треба отворено да се дискутираат меѓу партнерите и треба да се воспостави ефективна и непреклопувачка менаџерска структура со цел да се реагира брзо и успешно на сите ризични ситуации.

### *3.3.3 По завршувањето на проектот*

Многу важно прашање по завршувањето на проектот е да се обезбеди трансфер на знаење и користење на проектните резултати. Добриот проект има позитивно и значајно влијание во својата област и може да служи како пример за идни проекти.

Финансиските документи мора да ги чуваат сите учесници на проектот во случај на контрола на трошоците. Овие документи треба да се чуваат 5 години по завршувањето на проектот.

# Глава IV: Проекти од областа земјоделство и храна, генерални навестувања и детални примери

Во оваа глава ќе најдете конкретни примери на проекти од агро-прехранбената индустрија и детални информации за проектите BAFN и EU-Balkan FABNET.

## 4.1 Примери на проекти од областа земјоделство и храна

Проектите од РП7 што се ориентирани кон земјите на Западен Балкан имаат постојана тенденција на пораст. Во продолжение следуваат примери на неколку такви проекти:

Канцеларија за информации на платформа за управување со истражувањата за земјите од Западен Балкан
http://see-science.eu

ERA West Balkan +
http://www.westbalkanresearch.net/

ERA West Balkan
http://www.bit.or.at/erawestbalkan/

IS2Web
http://www.is2web.org

South Eastern Europe ERA-Net
http://www.see-era.net/

EU AGRI MAPPING
http://www.agrifoodresearch.net

JRC Initiatives for Balkans
http://ec.europa.eu/dgs/jrc/index.cfm?id=1750&lang=en

Balkan Agro-food Network
http://www.europartnersearch.net/bafn/

BAFN (Balkan Agro Food Network) беше проект финансиран од РП6 и имаше за цел да ги стимулира истражувањата во агро-прехранбениот сектор во земјите на Западен Балкан. Траеше 2 години. Козорциумот се состоеше од 8 земји, а 4 од нив беа од Западен Балкан (Република Македонија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора и Албанија).

Крајната цел на проектот беше да се поддржи отворањето на европската истражувачка област преку развој на одржлива мрежа во земјоделскиот и прехранбениот сектор на Западниот Балкан.

Главни резултати од проектот се:

- *Една база на податоци за истражувачи и една база на податоци за претпријатија*

Базите на податоци се алатка наменета за градење мрежи помеѓу организациите за производство храна од Западен Балкан и ЕУ. Овие бази имаат за цел да им помогнат на истражувачите, истражувачките центри и претпријатијата и да поттикнат меѓусебна соработка. Овие бази на податоци се достапни на интернет порталот на BAFN проектот.

• *Извештај за мапирање*

Четирите национални извештаи за мапирање имаа за цел идентификација на истражувачкиот потенцијал во полето на прехранбената индустрија во секоја од земјите на Западен Балкан, учеснички во проектот. Овие извештаи вклучуваат податоци за организациите (тип на организација, просечна големина, производство и продуктивност) и научниците (ниво и сектор на образование, возраст, пол итн).

Консолидираниот извештај ги идентификува главните претставници во прехранбениот сектор.

• *Препораки за истражувачките области и инструментите за поддршка*

Синтетизираниот извештај ја идентификува моменталната ситуација и идните потреби за аго-прехранбени истражувања во земјите на Западен Балкан. Во извештајот е ставена листа на главни полиња што се сметаат за приоритети за истражувања во земјоделскиот и прехранбениот сектор во секоја земја. Исто така во извештајот е даден опис на механизмот што може да даде одговор на специфичните проблеми на истажувачките и индустриските организации во земјите на Западен Балкан.

## 4.2 Кои се целите и целните групи на EU-Balkan-FABNet?

EU-Balkan-FABNET (http://www.balkan-fabnet.eu) е проект од РП6 и спаѓа во акциите за поддршка во темата „Квалитет и безбедност на храна“. Негова цел е зголемување на учеството на истражувачите од агро-прехранбениот сектор од Западниот Балкан во РП7.

Главните активности што ги изведе конзорциумот се :

- Мапирање на истражувачите од секторот ХЗРБ во земјите на Западен Балкан и на локалните потенцијали за финансирање на меѓународната соработка во истражувањата.
- Тренинг на мултипликаторите на информации во земјите на Западен Балкан за теми што го покриваат РП7 и неговите карактеристики, како и за најдобрите практики во подигнување на свесноста за РП7 и нејзина дисеминација.
- Тренинг на истражувачите во земјите на Западниот Балкан за теми што го покриваат РП7 и неговите карактеристики, практични совети за пишување предлог проекти итн.
- Зајакнување на профилот и видливоста на истражувачите преку нивно учество на меѓународни научни настани или вмрежувања.
- Континуирана поддршка за РП7, како и барање на партнери според индивидуалните потреби на истражувачите.
- Подигнување на свесноста и информирање за РП7 преку веб страна, прирачник за РП7 и билтени.

Специфични цели на проектот се истражувачите, истражувачките групи и локалните претпријатија од земјите на Западен Балкан, со цел да се подигне генералната свесност на можностите за финансирање од ЕУ фондовите и да се зголеми учеството на истражувачите од земјите на Западен Балкан во европските истражувања.

## 4.3 EU-Balkan-FABNet партнери

Во проектот EU-Balkan-FABNet учествуваат 11 партнери и тоа 6 од земјите на Западен Балкан и 5 од земји членки на ЕУ.

Сите партнери имаат големо искуство во европски проекти за соработка. Тие ја одржуваат и зголемуваат мрежата на контакти со локалните истражувачки заедници. Во исто време, посветени се на помагањето и зголемувањето на учеството во сите иницијативи за меѓународна соработка на локалните чинители на темата ХЗРБ.

EU-Balkan-FABNet конзорциумот го сочинуваат:

**Грција**



Food Industrial Research and Technological Development Company
**ETAT S.A.**
http://www.etat.gr

**Албанија**



Sustainable Economic Development Agency
**SEDA**
http://www.seda.org.al

**Црна Гора**



Agency for International Scientific, Educational, Cultural and Technical Cooperation
**AISC**
http://www.gom.cg.yu/zamtes

**Србија**



University of Belgrade, Faculty of Agriculture
**UNIBEL**
http://www.agrifaculty.bg.ac.yu

**Република Македонија**



Ss. Cyril and Methodius University Skopje, Faculty of Agricultural Sciences and Food
**CMU**
http://www.ukim.edu.mk/index.php?lan=en&pon=clenki

**Босна и Херцеговина**



University of Sarajevo, Faculty of Agriculture and Food Science Sarajevo
**UNISAR**
http://www.ppf.unsa.ba

**Хрватска**



Ministry of Science, Education and Sports, Directorate for International Cooperation
**MSES**
http://www.mzos.hr

**Италија**



Agency for the Promotion of European Research
**APRE**
http://www.apre.it

**Франција**



Euroquality
**EQY**
http://www.euroquality.fr

**Белгија**



Brussels Enterprise Agency
**BEA**
http://www.bea.irisnet.be

**Бугарија**



EuroProject
**EP**
http://www.europroject.bg/

# Анекси

## А. 1 Речник

**Акции за координација и поддршка - Coordination and Support Actions**

Акциите за координација и поддршка имаат за цел координација и поддршка на истражувачките активности и политики (вмрежување, размени, транснационален пристап до истражувачки инфраструктури, студии, конференции итн). Овие акции немаат за крајна цел добивање на опипливи резултати во однос на иновации. Тие повеќе се насочени кон преглед на постоечките европски ресурси во определена област и кон помош при имплементација на РП7.

**Барање партнер - Partner search**

За да можете да учествувате во европските истражувања, во најголем број на случаи ќе бидете дел од европски или меѓународен конзорциум. Не е секогаш лесно да го најдете најсоодветниот партнер за Вашиот проект.

За да Ве поддржат и олеснат работата при создавањето на силен конзорциум, ИУЗИР, НКЛ ИКЛ и одреден број на европски проекти можат да Ви помогнат да најдете партнери.

**Европска истражувачка област (ЕИО) - European Research Area (ERA)**

ЕИО е концепт што го промовира слободното движење на знаења, технологии и истражувачи и создавање на реален внатрешен европски пазар за истражувачите. Нејзината цел е структурирање и координација на националните политики и активности за истражување и развој на заедничка европска политика за истражување.

РП7 проектите се инструмент што го помага остварувањето на целите на ЕИО.

**ЕУ-Балкан-ФАБНет - EU-Balkan-FABNet**

EU-Balkan-FABNET е ЕУ финансиран проект за акции на поддршка, чија цел е зголемување на бројот на истражувачите од земјите на Западен Балкан во РП7 проектите. Проектот обезбедува директна и додадена вредност во помагањето на истражувачите и мултипликаторите на информации. Проектот е фокусиран на тренинг и промоција на соработката во истражувањата во темата храна, земјоделство, рибарство и биотехнологија.

**Заеднички проекти - Collaborative projects**

Заедничките проекти претставуваат поддршка за истражувачки проекти изведени од конзорциум, со учество на партнери од различни земји, а кои имаат за цел: развој на нови знаења, нови технологии, производи, акции на демонстрирање или заеднички ресурси за истражување. Траењето на проектите е од 18 до 48 месеци.

Проектите може да се од мали или средно големи фокусирани на истражување до големи интегрирачки проекти заради постигнување на дефинирана цел. Проектите треба да целат и кон специјални групи како МСП и други помали чинители.

**Земји членки на ЕУ - European Union Member States**

Земји членки на ЕУ се: Австрија, Белгија, Бугарија, Велика Британија, Германија, Грција, Данска, Естонија, Ирска, Италија, Кипар, Латвија, Литванија, Луксембург, Малта, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Финска, Франција, Холандија, Чешка Република, Шведска и Шпанија.

**Информациски контакт лица (ИКЛ) - Information Contact Points (ICPs)**

ИКЛ работат во трети земји (во однос на ЕУ). Тие обезбедуваат информативни услуги на истражувачите. Тие ја вршат истата работа како и НКЛ (национални контакт лица) во земјите членки на ЕУ и придружните земји. Тие се првата точка за контакт во случаи кога треба каква било информација за РП7.

**Информациски услуги на заедницата за истражување и развој (ИУЗИР) - Community Research and Development Information Service (CORDIS)**

Тоа е официјална веб страна и база на податоци за РП7. Сите информации за проектите и предлог проектите во РП7 можете да ги најдете на следнава веб страна:

http://cordis.europa.eu/fp7/home_en.html.

**Истражувачки потенцијал - Research Potential**

Истражувачкиот потенцијал е област во РП7 чија цел е стимулирање на потполниот истражувачки потенцијал на Европската унија преку отворање и развој на постоечкиот или новиот истражувачки потенцијал во регионите на конвергенција на ЕУ (нивниот БДП е помал од 75% од просечниот БДП во 27-те земји членки на ЕУ) и помагање во зајакнувањето на нивните истражувачки капацитети за да можат успешно да работат на ЕУ ниво. Овие активности се поделени на 3 дела. Третиот дел се однесува на **меѓународната соработка (International cooperation)**, односно овозможување на партнерство помеѓу постоечките или новите истражувачки центри во земјите членки на ЕУ и земјите на **Западен Балкан**. Во овој контекст, треба да се каже дека нов повик за предлог проекти ќе има во 2009 година.

**Конзорциум - Consortium**

Конзорциум е група на организации (пр. истражувачки центри, универзитети, владини и невладини организации, здруженија на потрошувачи и индустриски здруженија, МСП, приватни претпријатија итн) кои работат заедно како партнери во РП7 проект.

**Конзорциумски договор - Consortium Agreement**

Конзорциумскиот договор е документ што треба да се финализира помеѓу партнерите и кој им овозможува да ги дефинираат во детали административните и менаџмент одговорностите неопходни за одвивање на нивниот проект.

**Мали и средни претпријатија (МСП) - Small and Medium Enterprises (SME)**

МСП се независни комерцијални претпријатија што немаат повеќе од 250 вработени и имаат годишен приход помал од 50 милиони €. Дефиницијата и класификацијата на овие претпријатија во детали се опишани во препораката на Комисијата (Commission Recommendation) 2003/361/EC.

**Мрежи на извонредност (МнИ) - Networks of Excellence (NoE)**

Мрежите на извонредност ја поддржуваат соработката меѓу истражувачките центри што се специјализирани во одредено поле. Нивна цел е интегрирање и споделување на научното знаење на европско ниво.

**Национални контакт лица (НКЛ) - National Contact Points (NCP)**

НКЛ се структури воспоставени на национално ниво и се финансираат од секоја национална Влада на земјите членки на ЕУ и придружните земји членки. НКЛ обезбедуваат индивидуална помош на истражувачите на нивниот мајчин јазик.

НКЛ треба да знае да ги објаснува работите во согласност со националните традиции и методологија на работа. НКЛ треба да се личности од различни општествени чинители како: индустриски организации, здруженија, универзитети, истражувачки центри, министерства, специјализирани агенции или приватни претпријатија.

Првата точка за информации што се однесува до РП7 проектите, повиците, барањето партнер и др. треба да Ви е НКЛ.

**Партнер земји за меѓународна соработка (ПЗМС) -**
**International Cooperation Partner Countries (ICPC)**

ПЗМС се земји со мал, средно мал до средно просечен приход по жител и се цел на Европската Комисија која сака да ја зголеми научно-истражувачката соработка со нив. Организациите од овие земји можат да учествуваат и да примаат пари во РП7 проектите, со тоа што мора да ги исполнуваат минималните критериуми.

**Повик за предлог проекти - Call for proposals**

Овие повици ги објавува Европската Комисија и тие претставуваат отворена покана да се напише предлог проект според работната програма на РП7. Овие повици официјално се објавуваат во Службениот весник на Европската унија и на веб страната Cordis.

**Придужни земји членки-кандидати (ПЗК) - Associated Candidate Countries (ACC)**

Според договорот за научна и технолошка соработка за учество во РП7, придужните земји членки-кандидати имаат ист статус како и партнерите од 27-те земји членки на ЕУ. Земји со овој статус се: Република Македонија, Турција, Србија, Хрватска, Црна Гора, Албанија и Босна и Херцеговина.

**Работна програма - Work Programme**

Посебните работни програми се состојат од детални планови за имплементација на истражувачките теми од специфичните програми и други активности во РП7. Во нив се одредени: научните, техничките, економските и општествените цели на секоја активност, со што е овозможена широка и детална техничка поддршка за секој предлог проект.

Тие се „мапа“ на планираните повици за предлог проекти и во нив се објаснети сите неопходни инструменти и критериуми за евалуација.

**Седма рамковна програма за истражување и технолошки развој (РП7) - Seventh Framework Programme for Research and Technological Development (FP7)**

Рамковната програма уште од 1984 година претставува главна финансиска алатка со која ЕУ ги поддржува активностите на истражување и развој во речиси сите научни дисциплини. Во моментов, РП7 претставува главна алатка за финансирање на истражувањата во Европа и ќе трае од 2007 до 2013 година. Вкупниот буџет за седум години е проценет на 50,5 милијарди €.

**Систем за електронско поднесување проекти (СЕПП) - Electronic Proposal Submission System (EPSS)**

Сите предлог проекти мора да се пратат до Европската Комисија во електронска форма. СЕПП претставува интернет алатка за подготовка и поднесување предлог проекти во РП7. При поднесувањето предлог проект, задолжително е користењето на електронскиот систем (СЕПП).

**Трети земји - Third Countries**

Трети земји се сите држави што не се земји членки или придружни земји членки. Во принцип тие можат да учествуваат во РП7 проекти, но само доколку ПЗМС се финансираат од ЕУ.

## А.2 Веб страни од корист

Повеќе информации можете да најдете на следниве веб страни:

РП7 на CORDIS
http://cordis.europa.eu/fp7/home_en.html

Истражување и иновации на серверот Европа:
http://europa.eu/pol/rd/index_en.htm

Генерален Директорат за истражување
http://ec.europa.eu/research/index_en.cfm

Веб страна на биоздружението:
http://ec.europa.eu/research/biosociety/index_en.htm

EU-Balkan FABNet
http://www.balkan-fabnet.eu/

BAFN
http://www.europartnersearch.net/bafn/